Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Сектор за човечки ресурси

Дата: 08-07-2026
Архивски број: 04-4319/18

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), член 15 став 2 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 276/24) и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.221/2024), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за избор на 1 извршител за работно место број 1 по Јавен оглас број 335/2026

1. За извршител на работите на работно место бр.1 Помошник раководител на сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, се избира кандидатот Тања Михајловска.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од предходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1404/4 од 5.6.2026 година и наш бр. 04-4319/13 од 9.6.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавениот јавен оглас број 335/2026 објавен на 22.5.2026 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер", и "Коха", спроведе постапка за селекција за вработување за наведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административната селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојност на доказите и интервју, Комисијата изготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог

кандидати за вработување по јавен оглас број 335/2026 врз основа на што генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

| | |
|---|---|
| ПРАВНА ПОУКА: | Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата. |

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија
Игор Јанушев

ДОСТАВЕНО ДО:
-Именуваната
-Одделение за управување со човечки ресурси